**4623.**

Врз основа на член 32 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Репубика Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ОВЛАСТУВАЊЕТО ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ИЗВЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на овластувањето за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања.

Член 2

Овластувањето за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања се издава на образец А4 формат на тврда хартија во бела боја.

Формата и содржината на овластувањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на овластувањето за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.184/22).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 31-4076/5
18 ноември 2025 година
Скопје

Министер за енергетика,
рударство и минерални суровини,
**Сања Божиновска**, с.р.

**Прилог**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на член 32 став (3) од Законот за минерални суровини (*), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини издава

**ОВЛАСТУВАЊЕ**

**ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ИЗВЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА**

**Број _____**
**на**

______________________________________________

**(назив на правното лице)**

**со МБС _______________, и ЕДБ __________________.**

**Носителот на овластувањето се стекна со право за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања.**

Бр.____________
___.___.______ година
Скопје

**Министер за енергетика,**
**рударство и минерални суровини,**
**Сања Божиновска**